Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 64, 13 јули 2011 година

јули 2011 година

Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле фармација, специјалист од областа испитување и контрола на лекови на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за наставно-научното поле фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област информатика на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научното поле економски науки и менаџмент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Современи инженерски материјали“ од авторите д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**ПРИГОВОР** од кандидатот Јован Шоповски ........ 29

**ОДГОВОР** на приговор од кандидатот Јован Шоповски ........ 30

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ/ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИНФОРМАТИКА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-72/5 од 20 април 2011 год., донесена на 43. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика во Штип, одржана 20 април 2011 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во звање ***помлад асистент/асистент*** од научната област ***информатика***. Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник" и „Лајм" на 4 април 2011 год. и во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Доне Стојанов.

Врз основа на приложената документација, чест ни е на Наставно -научниот совет на Факултетот за информатика да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Доне Стојанов** е роден во 1985 година во Струмица. На Електротехничкиот факултет во Скопје се запишува во учебната 2003/2004 година и дипломира во 2008 година на насоката Компјутерска техника, информатика и автоматика, со просечен успех 9,02.

На постдипломските студии на Електротехничкиот факултет во Скопје, на програмата Софтверско инженерство, се запишува во учебната 2008/2009 година. По положувањето на предвидените испити со просечна оценка 8,88, магистрира на 7 јуни 2010 година, со одбрана на магистерскиот труд со наслов „*Биоинформатичка анализа на постоечки и нови модели на протеини*", под менторство на академик проф. д-р Љупчо Коцарев и се стекнува со научно звање **магистер на електротехника и информациски технологии.**

***Работно искуство и наставно-образовна дејност***

По дипломирањето, во учебната 2009/2010 година работи како професор во американската гимназија „НОВА" во Скопје, а од 15 септември 2010 година работи како волонтер на Факултетот за информатика.

Кандидатот учествува во реализацијата на наставата по предметите: Интернет програмирање, Мултимедија и Компјутерски мрежи на Факултетот за информатика во Штип и на дисперзираните студии во Струмица.

Кандидатот м-р Доне Стојанов одлично го познава англискиот јазик и е државјанин на Република Македонија.

***Добиени награди и признанија***

Кандидатот има добиено Плакета за успешно завршени студии и постигнати извонредни резултати во текот на студиите.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот м-р Доне Стојанов, а согласно со Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Комисијата констатира дека тој ги исполнува сите критериуми за избор во звање помлад асистент на научната област информатика.

Според претходноизнесеното, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, **кандидатот м-р Доне Стојанов да го избере во звањето *помлад асистент* за научната област *информатика***.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Александра Милева, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Владо Гичев, член, с.р.**
**Доц. д-р Зоран Утковски, член, с.р.**